Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 132 став 2 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр. 8/05....75/21), расправајќи по Заклучоци против дезинформациите за мигрантските кампови и политички манипулаци,

Советот на Општина Кавадарци на 4-та седница, одржана на ден 26.12.2025 година, ги донесе следните ,

## ЗАКЛУЧОЦИ
## ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ЗА МИГРАНТСКИ КАМПОВИ И ПОЛИТИЧКИТЕ МАНИПУЛАЦИИ

1. СЕ ОСУДУВА лажната кампања и манипулативното дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

2. СЕ КОНСТАТИРА дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалните заедници.

3. СЕ ПОТВРДУВА дека на територијата на општина Кавадарци нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.

4. СЕ УТВРДУВА дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови, и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегалната миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.

5. СЕ ИЗРАЗУВА поддршка на политиките на Владата насочени кон спречување на нелегалната миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.

6. СЕ ИСТАКНУВА дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

7. СЕ ПОВИКУВААТ сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општината.

8. ОВИЕ ЗАКЛУЧОЦИ претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на Општина Кавадарци стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локална заедница.

9. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот.

10. Заклучоците влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во„Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 6391/67**
**26.12.2025 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател**
**д-р Стојанчо Рамов**